**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**
**Бр. 02 -2268/3**
**21.10.2016 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 4 од Законот за заштита на укажувачите (Сл. весник на РМ 196/2015), одредбите од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор (Сл. весник на РМ 46/2016), и член 49 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Деканатската Управа на 42-та седницата, одржана на 21.10.2016 година ја донесе следнава

# О Д Л У К А

**за назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачите**

**член 1**

Со оваа одлука во согласност со одредбите на Законот за заштита на укажувачите, се назначува овластено лице за спроведување на законот во смисла на лице задолжено за прием на пријави од укажувачи.

**член 2**

**Вработениот д-р Петар Христов**, вработен на работно место **редовен професор**, се назначува за овластено лице во смисла на став 1 на оваа одлука.Овластувањето е со важност до отповикување на лицето или престанок на работниот однос.

**член 3**

Деканот до Државната комисија за спречување на корупцијата ги доставува следните податоци за овластеното лице:
- име и презиме;
- работно место;
- телефонски број за контакт;
- поштенска адреса и адреса на електронска пошта за прием на пријави;

Податоците од овој член се објавуваат на веб-страната на факултетот.

**член 4**

Одлуката стапува во сила веднаш, а да се достави до овластеното лице, веб-страната на факултетот, архивата и документацијата.

Изработил: М.Коцевска

**ДЕКАН**

**Проф.д-р Драги Димитриевски**